

# Прирачник за формата и начинот на економско здружување во земјоделството

Скопје, 2020 година

***„Содржината на овој прирачник е единствена одговорност на Македонската асоцијација на земјоделски задруги и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат“.***

**Проф. д-р Емељ Туна**

Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје (УКИМ)

Година на издавање: 2021

CIP – Каталогизација во публикацијата

Citizens for change!

# СОДРЖИНА


1. ВОВЕД ВО ПРИРАЧНИКОТ ..... 4
2. ЗОШТО Е ПОТРЕБНО ФОРМАЛНО ЗДРУЖУВАЊЕ? ..... 4
3. ЗАДРУГИТЕ ВО СВЕТОТ ..... 6
5. ЗАДРУГАРСТВОТО ВО МАКЕДОНИЈА ..... 7
6. ЗОШТО ЗАДРУГИ? – ДЕФИНИЦИЈА И ОПРАВДАНОСТ ..... 8

Главни причини за колективно организирање? ..... 8

Задруги заради? ..... 10

Недостатоци на задругата! ..... 11

5. ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗАДРУГИ ..... 12

Формализирањето носи неколку предности! ..... 13

Дејности на земјоделските задруги ..... 15

6. ПРАВНА РАМКА ..... 16
7. ОРГАНИЗАЦИЈА И УПРАВУВАЊЕ СО ЗАДРУГА ..... 18

## 1. ВОВЕД ВО ПРИРАЧНИКОТ

Македонската Асоцијација на Земјоделски Задруги е доброволна, непартиска, невладина, непрофитна организација која работи на застапување на интересите на земјоделските задруги и како таква го промовира задружното движење. Формирана во 2012та година, а во 2019-та година, како дел од проектот „Поддршка за земјоделски задруги“, за прв пат беше отворена и извршна канцеларија на МАЗЗ која се наоѓа во Скопје на ул.”Јордан Мијалков” бр.38/1. Моментно, МАЗЗ брои 48 членки, земјоделски задруги од сите 8 плански региони во државата и од различни сектори.

Како дел од Годишниот план за работа на организацијата, овој Прирачник е изготвен во рамки на Институционалниот грант од Цивика Мобилитас програмата, спроведуван од Македонската асоцијација на земјоделски задруги. Цивика мобилитас е програма на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) за поддршка на граѓанското општество во Македонија, која ја спроведуваат НИРАС од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и ФЦГ од Шведска. Целта на програмата е општествените промени во Северна Македонија да бидат поттикнати од силен граѓански сектор, активни граѓани и добра соработка со владините институции, што резултира со потранспарентно, поотчетно и социјално-инклузивно управување, како на централно, така и на локално ниво.

Целта на овој прирачник е да ги информира индивидуалните фармери за формата и начинот на економското здружување во земјоделството, односно за земјоделските задруги и на достапен начин да ги објасни предизвиците од организациски, законски и институционален карактер со кои се соочуваат истите. Прирачникот ќе овозможи, индивидуалните фармери да стекнат поголемо знаење за концептот на земјоделските задруги во Р. Северна Македонија, за основните дилеми врзани за задругарството, за основните задружни принципи, како и успешни примери на земјоделски задруги од кои би можеле да реплицираат позитивни искуства.

## 2. ЗОШТО Е ПОТРЕБНО ФОРМАЛНО ЗДРУЖУВАЊЕ?

Доколку економските организации делуваат во услови на совршени пазари, тогаш не би постоеле причини да се фаворизира било која форма на економска организација. Но, пазарите се несовршени заради многу различни причини и затоа се јавува потреба од изнаоѓање на решенија и организациски форми на економско делување кои најсоодветно би одговориле на овие ситуации во економијата.

Здружувањето може да биде организирано во вид на **неформални групи**, но со созревањето на овие неформални, здружени активности, групата на земјоделски производители често пати може да одбере формална (правна) форма на делување.

Здружувањето на земјоделските производители е исклучително важен фактор за зголемувањето на конкурентноста на земјоделските производители. Постојат различни видови на здружување на земјоделските производители. Во Република Северна Македонија може да се здружуваат преку: земјоделски здруженија, сојузи, федерации, задруги, групи на производители, организации на производители, локални акциони групи (ЛАГ-ови), меѓугранкови организации на производители.

**Организациите на производители** се правни лица со дејност од областа на земјоделството, формирани од земјоделски стопанства заради усогласување на земјоделското производство и понудата на земјоделски производи со пазарните услови. Членови на организација на производители можат да бидат земјоделски стопанства регистрирани во Единствениот Регистер на Земјоделски Стопанства. Во законот[1] се прецизира дека членови на организација на производители не можат да бидат правни лица во кои учеството на државниот капитал е поголем од 25% во вкупниот капитал, а минималниот рок на членство во организацијата на производители е најмалку една година.

Во Законот за земјоделство и рурален развој се пропишани минималните капацитети со кои организацијата на производители треба да располага (соодветен персонал, инфраструктура и опрема за постигнување на целите за нејзино работење), но и со потребните информации за производството кои треба да им ги обезбеди на своите членови, како и комерцијално и буџетско управување и сметководството со кое располага. За реализација на своите активности организациите на производители може да користат финансиска поддршка од државата.

**Групата на производители** претставува правно лице формирано од земјоделски стопанства заради стекнување на статус на организација на производители. Минималните предуслови за работа на групата на производители се полиберални во однос на оние кои треба да ги исполни „Организацијата на производители". Групата на производители согласно член 122 од Законот за земјоделство и рурален развој треба да има најмалку двајца вработени (од кои еден менаџер) и да има обезбедени канцелариски услови за работа. За реализација на своите активности организациите на производители може исто така да користат финансиска поддршка од државата.

**Меѓугранковите организации на производители** се формирани како повисока форма на здружување на организациите на производители со трговски друштва и други правни лица кои се занимаваат со преработка и/или трговија со земјоделските производи. Овие организации се организираат согласно со Законот за трговските друштва или Законот за задругите согласно член 142 од Законот за земјоделство и рурален развој.

[1] Закон за земјоделство и рурален развој, Службен весник на Република Македонија, бр. 49/2010

## 3. ЗАДРУГИТЕ ВО СВЕТОТ

Задругите се присутни во сите држави и во сите сектори, вклучувајќи ги земјоделството, храната, финансиите, здравствената заштита, маркетингот, осигурувањето, кредитите и друго. Се проценува дека една милијарда лица се членки на задруги ширум светот и дека задругите во светот создаваат повеќе од 279 милиони работни места (ILO, 2020). Според пописот на задруги од 2014 година[2], задругите вработуваат 12.595.501 лица или приближно 0,2% од светската популација. Само во Европа, задругите вработуваат 4,7 милиони луѓе.

Според економската активност, земјоделските задруги се втори (31,7%), зад осигурителните задруги кои го држат приматот (39%) и пред трговијата на мало и големо (17,7%). Помало учество имаат задругите поврзани со финансиските услуги (7%), комуналните услуги (1,7%), индустриските (1%), образование, здравство и социјални работи (1%), рибарските задруги (0,7%) и задругите за домување (0,3%)




Извор: WCM, 2019[3]

Меѓународната задружна алијанса (ICA) игра водечка улога во промовирањето на улогата на задругите во спроведувањето на целите на оддржлив развој. Задругите се признаваат како важни партнери за постигнување на целите за одржлив развој[4], бидејќи тие промовираат демократија, ги зголемуваат приходите, поттикнуваат социјална инклузија и грижа за животната средина.

---

[2] *https://www.un.org/esa/socdev/documents/2014/coopsegm/grace.pdf*

[3] *WCM (World cooperative monitor), ICA 2019.*

[4] *https://www.ica.coop/en/our-work/sustainable-development-goals*

## 5. ЗАДРУГАРСТВОТО ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Задругарството во Северна Македонија има традиција подолга од еден век. Првата земјоделска набавно-продажна задруга била формирана во 1908 година во с. Рабово-Беровско. Втората задруга се формирала во 1912 година во с. Козле-Скопско, а во 1914 година во Дојран биле формирани и рибарските производни задруги. По Првата Светска војна постоеле повеќе типови селски задруги (слабо развиени кооперации). Тоа вообичаено биле набавно-продажни задруги, како најраспространета форма на задругарство на територијата на кралска Југославија. Покрај овие форми на задруги, се развивале и селско-кредитните задруги, а делумно и задругите за преработка на земјоделски производи.

Највпечатлив период за задругарството во земјата е периодот по Втората Светска војна, период во кој се формирале „Селските работни задруги“. Репресивниот начин на кој што овие задруги биле формирани оставил силен негативен печат на задружната идеа и е една од главните причини за денешната слаба мотивираност на земјоделските производители за здружување во задруги[5].

Во 1950 година во Македонија опстојувале 947 селски работни задруги, во кои учествувале 70.381 домаќинства и 439.177 членови на домаќинства (365.418 ха земјиште). Во средината на педесетите години овие задруги биле расформирани при што, голем дел од земјоделското земјиште било вратено во сопственоста на сопствениците (индивидуални земјоделски стопанства).

Во период по овие трансформации, било посветено значително внимание на реорганизацијата на „Селските работни задруги“ и запазување на принципите на доброволноста и материјалната заинтересираност на индивидуалните производители. Во периодот од 1955 до 1990 година, земјоделските задруги одиграле важна улога во развојот на земјоделството и руралните средини, со тоа што помогнале при воведувањето на нова технологија во земјоделското производството, како и вработувањето на стручни кадри[6].

Од осамостојувањето на Република Македонија во 1991 година, се прават засилени обиди за поддршка на формирањето на модерни земјоделски задруги, како еден вид на адекватно решение за расцепканото македонско земјоделство. Задругите имаат постојана поддршка од државните институции преку различни програми, но и од странски проекти кои што го поттикнале формирањето, функционирањето и надградувањето на  капацитети на македонските земјоделски задруги. Денес во земјата активно функционираат околу 61 земјоделска задруга, од кои 15 биле формирани во рамките на проектот „Поддршка за развој на земјоделските задруги“ (2017-2020 г.). Проектот е финансиран од Делегацијата на Европската Унија во Република Северна Македонија, а спроведен од CARE Германија/Луксембург и Македонска развојна фондација за претпријатија (МРФП).

---

[5] *Ачковска, В. (1993). Аграрот и селото во  Македонија од 1945 до 1955 година,  Скопје*
[6] *Јакимовски, Ј. (1995). Задругарството во Република  Македонија, Скопје*

# 6. ЗОШТО ЗАДРУГИ? – ДЕФИНИЦИЈА И ОПРАВДАНОСТ

## Главни причини за колективно организирање?

> Задруга е автономно здружение на лица доброволно здружени со цел да ги исполнат своите заеднички економски, социјални и културни потреби и аспирации преку заедничко-сопственичко и демократски контролирано претпријатие.
>
> ICA (International Co-operative Alliance)

Независно од земјата во која функционира задругата, од степенот на развиеност на економијата или општествено уредување (земји во транзиција или пазарни економии), главните причини за основање на задругите се исти:

- ✓ Задругите се претпријатија на одредена заедница;
- ✓ Задругите промовираат демократија;
- ✓ Преку задругите се градат отворени пазари;
- ✓ Задругите ги негуваат човечките вредности и достоинството;
- ✓ Задругите претставуваат системи за развој.

**ШТО Е ЗАДРУГА?**

ЗАДРУГИТЕ се организации што ги ставаат луѓето пред профитот!

ЗАДРУГИТЕ им помагаат на своите членови да ги постигнат своите и заедничките социјални, културни и економски цели.

Социјално претпријатие кое балансира две главни цели:

1. Задоволување на потребите на своите членови и
2. Потрага по профит и одржливост.

Задруга е посебен вид на претпријатие во кое во рацете на корисниците се:

- Сопственоста
- Корисноста
- Контролата

> Задругата е управувана на демократски начин од страна на своите членови и од нив избрани претставници (кои може да бидат отповикани во секое време)
>
> ✓ ***Секој член има право на еден глас без разлика на големината на неговиот удел во задругата***
>
> **ЕДЕН ЧЛЕН, ЕДЕН ГЛАС!**

За Европската Комисија задругите претставуваат: „одличен пример за претпријатие кое истовремено се залага за остварување на претприемачки и општествени цели, на начин кој е взаемно унапредувачки," а истовремено придонесуваат за остварување на многу од целите на Европската Унија, како вработување, општествена интеграција, регионален и локален развој и земјоделство (ЕК, 2004).




Уште од самиот почеток на организираното задругарство во 19. век, од страна на Друштвото Рошдејл (една од првите задруги што го започнале меѓународното задругарско движење Друштвото Рошдејл на рамноправни пионери (Rochdale Society of Equitable Pioneers), биле востановени основните принципи кон кои задругите треба да се придржуваат: 1) Отворено членство, 2) Демократско управување – едно лице, еден глас, 3) Распределба на вишокот сразмено со трговијата, 4) Плаќање на ограничена камата на капитал, 5) Политичка и религиозна неутралност, 6) Тргување со пари, 7) Промоција на образованието.

Меѓународната алијанса на задруги (ICA: International Co-operative Alliance) посочува принципи кои се основата на задружното движење денес и кои ставаат поголем фокус врз социјалните и политичките импликации. Основните принципи на здружување кои што ја претставуваат и суштинската карактеристика на задругите се:

**<u>ПРИНЦИПИ НА ЗАДРУГАРСТВОТО</u>**

1. Доброволно и отворено членство
2. Демократско управување – еден член, еден глас
3. Економско учество на членовите
4. Самоуправност и независност
5. Образование, обука и информирање
6. Соработка помеѓу задругите
7. Грижа за заедницата

## Задруги заради?

- ✓ Организирањето на земјоделските производители и заедничкото делување овозможува остварување на економски придобивки кои инаку не би можеле да ги постигнат индивидуално.
- ✓ Заедничко решавање на проблемите, развивање на нови пазарни можности или проширување на постојните пазари.
- ✓ Потенцијал за обезбедување на сигурност (цена, откуп, ниски цени за инпути, преговарачка моќ и сл) преку колективни активности.
- ✓ Подобар пристап до инпути, финансии, информации и пазари.




Примарната цел на претпријатијата во приватна сопственост им е максимизирање на профитот. За разлика од нив, задругите освен економскиот, имаат и изразен социјален аспект, односно целта на нивното основање е да се исполнат барањата и потребите на нејзините членови. Економската страна на работењето на задругата може лесно и објективно да се процени и подобри преку: завршни сметки, книговодство, економија во користење на ресурсите. Успешноста на задругата од социјален аспект е тешко да се процени , измери и корегира затоа што е апстрактна категорија која што е многу тешко мерлива.

## Недостатоци на задругата!

- На другата страна од независноста и демократската контрола е принципот на подеднакво распределување на економска одговорности на членовите на задругата.
- Проблем со изнаоѓање на дополнителен основен капитал, односно дополнителни извори на финансирање.
  - Инвестициите ретко можат да бидат остварени со капитал надвор од задругата, додека загубата на профит влијае на секоја членка.
- При загуба - ќе биде неопходно да се намали секоја поединечна добивка за да се намали / надомести загубата на задругата.
  - Сепак, меѓусебната поддршка значи намалување на ризикот, односно никој не се справува со загубата на профит индивидуално.
- Добивката и благосостојбата зависи од тоа колку добро е развиен „социјалниот капитал“, односно соработката меѓу членовите во задругите - зависи од нивото на сечие учество, посветеност и развиеноста на мрежата на врски меѓу членовите во задругата, но и врските помеѓу задругата и останатите релевантни чинител.
- Проблемот на ефектот на „бесплатно возење“ – можност за нееднаква посветеност на задругарите, а исти придобивки за сите членови, како и прелевање на позитивни ефекти од работењето на задругата (пример: доколку земјоделската задруга договори повисоки цени и подобри услови за пласман на произведениот производ, и земјоделските производители кои што не се членови на задругата ќе можат да имаат корист).
- Институционални и административни компликации – комплицирани процедури за регистрација и слично.
- Потребно е комплексно управување заради различните улоги на членовите, како и различните активности кои задругите може да ги вклучуваат и извршуваат.

## 5. ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗАДРУГИ

ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ПРОИЗВОДИТЕЛИ ГО ХРАНАТ СВЕТОТ!

Земјоделството е еден од најважните сектори за глобалниот светски развој. Земјоделството е втор сектор во однос на обезбедување на вработување за населението на светско ниво.

Но и покрај значењето на овој сектор, земјоделските производители и земјоделските задруги се соочени со многубројни внатрешни и надворешни предизвици. Задругите играат значајна улога во земјоделскиот сектор и во развиениот свет но и во земјите во транзиција и развој. Историски гледано, задругите биле главната институционална и организациска алатка преку кои независни земјоделци можеле да ја издржат и да се справат со пазарната моќ што ја имаат локалните и транснационалните откупувачи, преработувачите и трговците на мало.

Задругата е истовремено и претпријатие и организација за заедничко делување, а во случајот на земјоделските задруги - група на земјоделски производители кои формираат здружение кое што треба да делува во интерес на заштита и промоција на нивните заеднички интереси. Неповолната пазарна позиција на индивидуалните мали земјоделски производители наспроти големите добавувачи, трговци и преработувачи е една од главните причини за земјоделците да се организираат и да дејствуваат колективно. За таа цел, земјоделските производители доброволно се организираат за да ги задоволат заедничките економски, социјални и други видови на цели.

Често пати на помислата на земјоделските задругите се помислува на задруги за набавка на репроматеријали. Но всушност, задружниот концепт е многу флексибилен и неверојатно прилагодлив. Задругите овозможуваат различни аспекти на делување, производи и услуги кои што би му излегле во пресрет на потребите на еден член на задруга во однос на неговото економско работење, за целиот негов животен век. Со поседување на заедничко претпријатие, земјоделските производители добиваат можност за: заедничко купување на инпути, решавање на колективните еколошки предизвици, заедничко продавање на земјоделски производи, зголемување на продуктивноста, подобрување на само-одржливоста, зголемување на моќта и позицијата за преговарање на малите земјоделците и слично.

Низ целиот свет, задругите се сметаат за важни организации во развојот на земјоделството бидејќи тие им нудат можност на производителите да се организираат, да добијат глас и да ги подобрат своите услови за живот. Во голем дел од земјите, **земјоделските задруги** се најсоодветна форма на економско заедничко делување во земјоделскиот сектор.

Задругите секојдневно добиваат на значење и како можност за формализирање на неформалната економија. Работниците во неформалната економија често пати делуваат индивидуално или во мали групи и често се натпреваруваат меѓу себе. Со формирање и користење на услугите на задругите, тие се здобиваат со солидарност, добиваат глас и можат да ги зајакнат своите деловни активности.

## Формализирањето носи неколку предности!

- ✓ Задругата станува правен субјект и членовите може да имаат корист од промена на одговорноста за деловни трансакции од неформалниот колектив до членство во задругата.
- ✓ Односите на членовите со задругата ќе бидат исто така официјализирани, т.е. со регулирање на опцијата за раскинување на членството и повраток на средства итн.
- ✓ Задругите даваат и повеќе можности за пристојна работа заради тоа што како еден вид на претпријатие, обезбедуваат социјално осигурување и сигурност за своите вработени.
- ✓ Правниот режим предвидува процедури за внатрешно донесување одлуки, како и правила за сметководство за трошоците и инвестициите.
- ✓ Предностите на формализацијата стануваат особено важни кога групата сака да склучи договори со купувачите или откупувачите во врска со испорака на специјални (дефинирани) количини и одреден квалитет на земјоделски производи.
- ✓ Меѓународните прехранбени компании сè повеќе ја набавуваат својата суровина од организираните мали земјоделци. Тие дури го поддржуваат воспоставувањето и управувањето со формални групи на земјоделци заради обезбедување на континуирани и стандардни количини на суровина за преработка или производи за продажба.

Други фактори кои одат во прилог на формирање на задругите се однесуваат на:

- ✓ Претходни искуства со задружниот концепт;
- ✓ Високо ниво на доверба во државата (институционална и генерална доверба);
- ✓ Хомогени (исти) интереси;
- ✓ Континурано образование и обука на земјоделски производители;
- ✓ Добро воспоставена правна рамка и придружни закони.
- ✓ Јасно дефинирани придобивки од задругарството.

Кога ќе се одбере формално здружување, потребно е да се изврши и формална процедура за регистрација, која што вклучува специфични документи. По завршување на процесот на регистрација, задругите често пати подлежат на специфични правила кои се однесуваат само на задругите, но во најголем дел здругите подлежат на постоечките пазарни услови кои важат за останатите економски субјекти.

Како и сите останати видови на задруги и земјоделските задруги имаат управувачка структура и вработени, поседуваат сопствени средства како складиште, механизација, земјиште, преработувачки капацитети, канцеларии и сл. Средствата се поседувани од страна на задругата бидејќи задругата е во заедничка сопственост на земјоделските производители – членовите, и на тој начин тие учествуваат во одлуката за начинот на управување со овие средства, односно одлуките се засновани врз база на демократскиот процес на кој што постојано се навраќаме.

Задругите се сложени деловни организации кои служат за широк спектар на цели и извршуваат широк спектар на функции. Но, често пати, задругата може да има една главна цел, на пример или само набавка или само продажба. На тој начин со специјализација се добива поголема ефикасност и оперативност, а со тоа и поголеми можности за успешно работење. Поради тоа, денес многу земјоделски производители во развиените европски држави се членки на повеќе задруги во исто време. На пример, еден произодител на јаболка може да биде член на задруга за набавка на репроматеријали, потоа да биде член на задруга за маркетинг на неговите производи, член на кредитна задруга, итн. Истовремено, задругата може да функционира и со повеќе цели односно активности во рамките на сопственото работење да ги реализира истите.

Како и сите видови на економски ентитети, и задругите можат да бидат со **различен обем**, од мали задруги со мал број на членови или обрт на средства, до масивно големи задруги со голем број на членови, активности, распространетост и комплексна организација и управување. Задругите може да бидат класифицирани во неколку основни структурни типови во однос на членството и организацијата.

Структурата на задругите може да се разгледува и од финансиски, географски, организациски и функционален аспект. Задругите може да бидат класифицирани во однос на регионот кој што го опслужуваат или во кој делуваат и тоа како: локални, регионални, интер-регионални, национални и интернационални.

**Потенцијални предизвици!**

Многу задруги се соочуваат со проблем на продажба на земјоделски производи надвор од задругата. Ова дури може да доведе до загуби и на крајот до банкрот на задругата. Од друга страна, мерењето, проверката на квалитетот, исплаќањето на многу други активности кои задругата ги извршуваат за своите членови, вклучуваат административни операции кои бараат инвестиции (на пример, купување ваги за мерење). Менаџерот на задругата треба внимателно да размисли дали инвестирањето во колективен маркетинг е поголемо од добиените цени за продадените производи. Нестабилноста на цените е уште еден предизвик, особено кога постои разлика во цената помеѓу моментот на испорака и моментот на плаќање на продадените производи.

## Дејности на земјоделските задруги

- Примарно земјоделско производство;
- Преработка на земјоделски производи;
- Трговија со земјоделски производи и преработки;
- Трговија и услуги на средствата во примарното земјоделско производство и преработките.

**Активности на земјоделските задруги**

- Растително производство на одредена земјоделска култура на одредена површина;
- Сточарско производство со одреден број на добиток;
- Договарање на производство и испорака на производи во одредена количина;
- Договарање на вредноста на земјоделските производи и преработките;
- Набавка на репродуктивен материјал;
- Услуги во делот на заштита на растенија и животни;
- Услуги со земјоделска механизација и опрема;
- Услуги за складирање, чување, преработка и доработка на земјоделски производи;
- Вршење на административни, технички и стручни работи;
- Маркетинг на земјоделски производи.

Земјоделската производна задруга може да ги опфати сите области на производна активност на нејзините членки или да делува само во една област - на пример, растително или сточарско производство. Исто така, може да делува во потесна област на производство - на пример, производство на жито во растителното производство или млечни производи во сточарството.

## 6. ПРАВНА РАМКА

**(Услови за основање на земјоделска задруга во Северна Македонија)**

Условите за основање и функционирање на земјоделските задруги се регулирани со Законот за земјоделски задруги (Службен весник на РМ, бр. 23/13, 51/15, 193/15 и 39/16). Законот ги уредува условите, начинот и постапката за основање, регистрација, работење, видот и обемот на земјоделските задруги, и содржи одредби за развојот на земјоделските задруги, како и за надзорот над работата на задругите.

Според Законот за земјоделски задруги, земјоделска задруга е дефинирана во членот 2 како: *„Организациона форма на доброволно здружување на земјоделски стопанства заради остварување на нивните економски, социјални, културни и други интереси и потреби при вршење на земјоделската дејност"*. Членовите на земјоделската задруга се еднакви и рамноправни – имаат еднакви права и еднакви обврски во одлучувањето по принципот **еден член еден глас**. Во членот 3 се наведуваат и начелата на кои мора да се засноваат задругите: Доброволно и отворено членство; *Транспарентност и заедничка контрола од членството; Економско делување на членовите на задругата; Самостојност и независност; Обезбедување на обука и информирање на членството; Соработка меѓу земјоделските задруги; Обезбедување на одржлив развој*.

Можните дејности на задругите се регулирани во членот 5 и се однесуваат за областа на примарното земјоделско производство, преработките на земјоделските производи, трговијата со земјоделските производи и преработки. Услугите поврзани со овие дејности, како и трговијата и услугите поврзани со средствата кои се користат во процесот на примарното земјоделско производство и преработките на земјоделските производи

Според постоечкиот Закон за земјоделски задруги, земјоделска задруга може да основаат најмалку десет земјоделски стопанства евидентирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства. Земјоделските стопанства (земјоделските производители) ја задржуваат правната форма која ја имале пред зачленувањето во земјоделската задруга.

Едно земјоделско стопанство може да членува во повеќе земјоделски задруги и не може да има повеќе од 30% од вредноста на производствените капацитети во една земјоделска задруга. Производствените капацитети кои се во функција на дејноста на земјоделската задруга треба да исполнуваат просторни, технички, технолошки и инфраструктурни услови.

**Обем и регистрација на земјоделските задруги** - Земјоделската задругата може да биде од мал или од голем обем. Обемот на земјоделската задруга се определува во зависност од бројот на членовите на задругата, како и нивните производствени капацитети. Земјоделската задруга од мал обем е задруга со најмалку десет, а најмногу 19 члена, а земјоделска задруга од голем обем е задруга со најмалку 20

члена. Обврска на задругите е да се регистрираат во Регистарот на земјоделски задруги и да водат евиденција за членките и производствените капацитети. Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство одговорен орган за управување и одржување на регистарот, за спроведување на одредбите на законите, и е овластен орган за донесување на актот во кој се уредува формата и содржината на евиденцијата.

Земјоделските задруги формирани и запишани во Регистарот согласно со одредбите од овој закон имаат право на **финансиска поддршка** согласно со овојзакон и Законот за земјоделство и рурален развој. Поддршката се однесува на: финансиска поддршка за основање на земјоделски задруги, исплата на плата за лице управител на земјоделска задруга, финансиска поддршка за функционирање на земјоделски задруги (остварено производство преку задругите, помоза наводнување, поддршка за премии за осигурување, набавка на земјоделска механизација, согласно со годишната програма за финансиска поддршка на руралниот развој).

Една од активностите на проектот „Поддршка за земјоделски задруги“, спроведуван од CARE Германија, Луксембурге изработка на нов Закон за задруги кој што е сеуште е во процедура[7]. Со влегување во сила на овој Закон, престанува да важи Законот за земјоделски задруги при што дел од одредбите на овој закон ќе се преземат во Закон за задругите кој ќе биде под надлежност на Министерството на Економија. Во новиот Закон има подетален опис на правата и обврските на сите видови задруги, вклучувајќи ги и земјоделските задруги.

За задругите чија претежна дејност е земјоделската, надлежно е Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, кое што востановува и води Регистар на земјоделски задруги. Еден од поважните предлози и значителна новина во овој Закон е бројот на членови кој што со новите законски одредби се намалува од десет на пет члена, со тоа што , членовите не можат да бидат од исто земјоделско стопанство и не можат со истите земјишни капацитети да учествуваат во повеќе задруги.

---

[7] *https://ener.gov.mk/default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=54545*

## 7. ОРГАНИЗАЦИЈА И УПРАВУВАЊЕ СО ЗАДРУГА

За да биде успешна, задругата треба пред се да биде:

- добро организирана,
- со солидна финансиска конструкција,
- добро водена (менаџирана),
- прогресивна – адаптирана на условите на делување, кои брзо се менуваат,
- бргу да реагира на потребите на нејзините членови – кои исто така брзо се менуваат,
- да воспостави мрежа на споделување на информации помеѓу членовите, како и задругата и други задруги.

**ЧЕКОРИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ ВО ЗАДРУГАТА**

**<u>Контролна листа на постапки за основање на задругата:</u>**

**<u>Чекор 1.</u>** Собирање на информации, појаснување на потребите за основање на задруга, создавање на група на потенцијални членови.

**<u>Чекор 2.</u>** Собир на потенцијални членови, разговори за потребите од основање на задруга, избор на работна група која ќе го води процесот на основање.

**<u>Чекор 3</u>**. Изготвување на идеен бизнис план за оценување на економската оправданост за основање на задруга, споделување на податоците со потенцијалните членови, придобивање на членовите.

**<u>Чекор 4</u>**. Развој на договор за членство во кој ќе се опишат обврските и правата на членовите. Овој договор ќе биде дел од Статутот на задругата во кој ќе бидат регулирани идруги делови од управувањето.

**<u>Чекор 5</u>**. Подготовка на детален бизнис план.

**<u>Чекор 6</u>**. Подготвување на прелиминарен Статут на задругата со сите права, обврски и инансиски влогови на членовите.

**<u>Чекор 7</u>**. Одржување на основачко собрание, избор на раководни тела (управен одбор, надзорен одбор) и подготовка на документација за регистрација.

**<u>Чекор 8</u>**. Избор на директор – менаџер на задругата, подготовка за започнување со работа на задругата.

**<u>Чекор 9</u>**. Следење на активности од имплементација на бизнис планот.

Управувачките органи на задругата се: генералното собрание (собрание), управниот одбор и менаџерите (управителите). Одборот на директори се избира од генералното собрание составено од членовите на задругата. Управниот одбор го избира менаџерот (управителот) кој што може да биде професионален менаџер или да биде член на задругата.




И одборот и менаџерите имаат иста крајна цел, но секоја страна има посебни и специфични функции. Управувањето со задруга е покомплексно од управување на слично претпријатие во приватна сопственост бидејќи членовите кои се сопственици на задругата, исто така се и снабдувачи (добавувачи) или клиенти, но имаат и обврски и во управувањето на задругата. Оваа тројна улога на членовите, наметнува големи барања во однос на меѓучовечките односи и комуникациските вештини кои треба да ги применуваат менаџерите на задругите. Некои неуспеси во управувањето со задруги произлегуваат од недостаток или проблеми со: работа во рамките на тим, проблеми во соработката или комуникацијата помеѓу одделните чинители во задругата.

**<u>Статут на задруга</u>**- дефиниран со Законот за задруги

Ги дефинира во детали правилата на задругата – секоја задруга има сопствени правила на однесување. Главни поенти кои што статусот треба да ги содржи се:

- Начинот на пристапување на членовите – кој може да биде член на задугата? Колку членови ќе пристапат и со колкав удел?
- Правила за престанување на членството – во кои случаји може да се откаже или да заврши членството.
- Трансфер на уделите во задругата (пример во услови на смрт или исклучување на членовите).
- Дефинирање на правата и обврските на членовите.
- Доколку им се овозможува и на надворешни членови повремено да ги користат услугите, истото треба да биде наведено, но само како исклучок а не како правило.
- Начинот на управување на управниот одбор (без или со директна контрола од страна на членовите).
- Може да биде наведена и сумата на влоговите (формирачкиот капиталот) кој што може да биде платен во делови. Минималната сума или процентуално учество треба да биде фиксно ...

## 8. ПРИМЕРИ НА УСПЕШНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗАДРУГИ



**НОВА ЗАДРУГА - Пчелин рај** (Струмица)

формирана во Септември 2019 год

- основана со финансиска поддршка, во рамките на проектот спроведен од CARE Германија, Луксембург преку Македонската Развојна Фондација на Претпријатијата.

Задругата главно се занимава со **производство на природен мед и други пчелни производи**, ги снабдува задругарите со репроматеријал со поповолни цени (поголем обем на набавки), а исто така обезбедува и пласман на производите на задругарите кои заеднички настапуваат на пазарот со заеднички бренд.

**Задруга со мал обем - 15 задругари (7 со високо и 8 со средно образование од кои 10 се мажи и 5 жени)**

**ПЗ Пчелин рај** е задруга која ја зема во предвид родовата еднаквост и претставува поттикнувачка средина за избалансиран пристап на жените во задругите. Исто така процентуалната застапеност на млади лица во задругата е преку 75% кои во овој сектор гледаат своја перспектива и иднина.

- Оваа задруга смета дека образованието е голема предност за задругата бидејќи секој во својата област дава максимален придонес од кој сите задругари имаат корист.

**Идни активностите на земјоделската задруга**

- Градба на објект со површина од 305 $м^2$, во кој по најсовремени европски стандарди ќе се преработува медот и другите пчелни производи (со финансиска поддршка од грант во висина од 53.159 евра).



**ДОЛГОГОДИШНА ЗАДРУГА - Вегефреш**

**(Куклиш-Струмица)** - формирана 2010 год.

- Задругата е основана со **цел** да се набават репроматеријали со пониски цени, вработување на стручно лице (агроном), изградба на сопствен дистрибутивен центар (магацин) за пост-бербени активности за складирање и доработка на производите, како и обновување на старата механизација.

- **Производство:** зелка, домати, пиперка (куртовска капија) и помали количини на други градинарски производи.

-**Задруга со голем обем:** 4 вработени, 20 членови регистрирани во централен регистар и 35 во коопeрантски однос.

- **Годишно производство** (заедно со кооперантите) од 2000 до 2200 тони.

- Задругата има **обновено механизација** за 7 милиони денари (мерка 131)

- во 2013 год. задругата отвора и земјоделска апотека со вработен агроном. Задругата изнајмува и магацин за продажба на произведените производи

- Поседува **глобал гап** сертификат за зелка и куртува капија

**Идни активности на земјоделската задруга**

- државно земјиште од 2,5 ха за изградба на дистрибутивен центар (74.000 евра грант за градба) - проблеми со дозвола за градба и нереализиран грант

9.